КејДимитарВлахов бр.21
1000 Скопје
РепубликаМакедонија
**тел.:** +389 2 32 89 200
**факс:** +389 2 32 24 611
contact@aec.mk

Врз основа на член 24 став 1), точка 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации („Сл.весник на РМ“ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18 и 21/18), на барање на корисникот, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 06.12.2018 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**I**

**СЕ ОТПОВИКУВА** одобрението за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број 103500 издадено од Агенцијата за електронски комуникации на Друштво за обезбедување ЕУРО СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје со адреса на ул. Луј Пастер бр.1 кат 5 Скопје на негово барање.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за електронски комуникации издаде одобрение за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентен број:103500 на Друштво за обезбедување ЕУРО СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје со адреса на ул. Луј Пастер бр.1 кат 5 Скопје.

На 04.12.2018 година Друштво за обезбедување ЕУРО СЕКЈУРИТИ ДООЕЛ Скопје со адреса на ул. Луј Пастер бр.1 кат 5 Скопје, достави до Агенцијата за електронски комуникации барање за отповикување на горенаведеното одобрение со број уп1-бр.0802-1135.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 147 став 1) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15,193/15, 11/18 и 21/18), се донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе тужба до Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-1135
Скопје, 06-12-2018

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

Доставено до:
- странка
- сектор за радиокомуникации
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенции
- сектор за финансии и сметководство
- архива

Дигитално потпишан
од Igor Bojadjiev
Agencija za elektronski komunikacii